РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
Уп1 Бр. 03-342
13.06. 2018 година
С к о п ј е

Врз основа на член 20 став 1 алинеи 1 и 8, а во врска со член 23 став 1 алинеја 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16 и 132/17), точка 6 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (Пречистен текст) бр.01-6039/1 од 20.10.2015 година и Писмениот извештај за извршен програмски надзор бр.10-2866/1 од 12.06.2018 година, поради констатирано непочитување на одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги односно затоа што на програмскиот сервис на Трговското друштво за радиодифузна дејност СПЕКТРА, Општина Лабуништа ДООЕЛ, емитуваното спонзорство не било во согласност со член 54 став 5 од истиот закон, Директорот на Агенцијата го донесе следното:

**Решение**
**за преземање мерка – опомена**

1. СЕ ОПОМЕНУВА Трговското друштво за радиодифузна дејност СПЕКТРА, Општина Лабуништа ДООЕЛ, заради извршена повреда на член 54 став 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14 , 132/14, 142/16 и 132/17) и на член 4 став 1 алинеја 3 од Правилникот за спонзорство („Службен весник на Република Македонија" бр.40/15), а казнива по член 148 став 1 точка 8 и став 2 од истиот Закон, на начин што на програмскиот сервис на Трговското друштво за радиодифузна дејност СПЕКТРА, Општина Лабуништа ДООЕЛ, на 5-ти јуни 2018 година, во периодот од 19:52:44 до 20:17:15 часот, емитувана е спонзорирана верска проповед под наслов „Рамазански насихати", што е спротивно на член 54 став 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и член 4 став 1 алинеја 3 од Правилникот за спонзорство.

Повредата од став 1 од оваа точка, специфицирана е по наслов на емисија, датум на емитување, период на емитување и опис на прекршувањето во Писмениот извештај за извршен програмски надзор, бр.10-2866/1 од 12.06.2018 година, кој е составен дел на ова Решение како Прилог бр.1.

2. МУ СЕ НАЛОЖУВА на Трговското друштво за радиодифузна дејност СПЕКТРА, Општина Лабуништа ДООЕЛ, во рок од 30 (триесет) дена од денот на приемот на ова Решение, да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и Правилникот за спонзорство.

3. По истекот на рокот определен во точка 2 од ова Решение, да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзор, наведен во точка 1 на ова Решение, постапил по Решението.

4. Ова Решение е конечно.

**О б р а з л о ж е н и е**

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги врз основа на член 28 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16 и 132/17), е надлежна да врши програмски надзор (мониторинг) на програмите на радиодифузерите и давателите на аудиовизуелни медиумски услуги по барање, како и на програмските пакети кои ги реемитуваат операторите на јавни електронски комуникациски мрежи од аспект на почитувањето на одредбите од цитираниот Закон, дозволите, издадените потврди за регистрација, подзаконските акти и другите акти донесени од Агенцијата.

Во согласност со член 23 став 1 алинеја 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16 и 132/17), директорот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги презема мерки согласно со овој Закон во случаите кога е извршена повреда на одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги или на прописите донесени врз основа на него, како и на условите и обврските од дозволите и други акти на Агенцијата.

Во рамките на своите законски надлежности, Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги преку Секторот за програмски работи, на 12-ти јуни 2018 година, изврши вонреден програмски надзор (мониторинг) по претставка (иницијатива на физичко лице) на телевизискиот програмски сервис на Трговското друштво за радиодифузна дејност СПЕКТРА, Општина Лабуништа ДООЕЛ, емитуван на 5-ти јуни 2018 година, при што констатираше прекршување на член 54 став 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и на член 4 став 1 алинеја 3 од Правилникот за спонзорство.

Имено, констатирано е дека на 5-ти јуни 2018 година, во периодот од 19:52:44 до 20:17:15 часот, на програмскиот сервис на Трговското друштво за радиодифузна дејност СПЕКТРА, Општина Лабуништа ДООЕЛ, емитувана е емисијата „Рамазански насихати“, по жанр – верска проповед, на чија одјавна шпица се наведени спонзори (цитат) – „помагатели на проектот“, што е спротивно на член 54 став 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и на член 4 став 1 алинеја 3 од Правилникот за спонзорство.

Повредата од точка 1 став 1 од ова Решение, специфицирана е по наслов на емисија, датум на емитување, период на емитување и опис на прекршувањето во Писмениот извештај за извршен програмски надзор, бр.10-2866/1 од 12.06.2018 година, кој е составен дел на ова Решение како Прилог бр.1.

Следствено на тоа, врз основа на член 20 став 1 алинеи 1 и 8, а во врска со член 23 став 1 алинеја 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, точка 6 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (Пречистен текст) бр.01-6039/1 од 20.10.2015 година и Писмениот извештај за извршен програмски надзор, бр.10-2866/1 од 12.06.2018 година, поради констатирано непочитување на одредба од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и одредба од Правилникот за спонзорство, утврдено во точка 1 на ова Решение, директорот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, донесе решение со кое се опоменува Трговското друштво за радиодифузна дејност СПЕКТРА, Општина Лабуништа ДООЕЛ и му се наложува во рок од 30 (триесет) дена од денот на приемот на ова Решение да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и Правилникот за спонзорство. По истекот на рокот определен во точка 2 од ова Решение, да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзор, наведен во точка 1 на ова Решение, постапил по Решението.

Согласно член 24 ставови 1 и 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, ова Решение е конечно и против него радиодифузерот може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

Врз основа на горе наведеното, се донесе решение како во диспозитивот.

**Агенција за аудио и аудиовизуелни**
**медиумски услуги**
**Директор,**

**д-р Зоран ТРАЈЧЕВСКИ**

**Правна поука:** Против ова решение радиодифузерот може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

**Прилог (1):**

1) Писмен извештај за извршен програмски надзор, бр.10-2866/1 од 12.06.2018 година.

**Доставено до:**

- Трговското друштво за радиодифузна дејност СПЕКТРА, Општина Лабуништа ДООЕЛ;
- Управителот на Трговското друштво за радиодифузна дејност СПЕКТРА, Општина Лабуништа ДООЕЛ;
- Одговорното лице на програмата во правното лице - Трговското друштво за радиодифузна дејност СПЕКТРА, Општина Лабуништа ДООЕЛ;
- Секторот за правни и економско-финансиски работи;
- Секторот за програмски работи;
- Назначеното лице во Агенцијата за водење на уписникот Уп 1.

АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни
медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: 12.06.2018 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 10 | 2866 | 1 | |

**До: д-р Зоран Трајчевски, директор**
**на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на членот 28 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16 и 132/17), се доставува

## ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ
## ЗА ИЗВРШЕН ПРОГРАМСКИ НАДЗОР

1. **Вид надзор:** Вонреден, по претставка (иницијатива на физичко лице);

2. **Субјект на надзорот:** Телевизискиот програмски сервис на Трговското друштво за радиодифузна дејност СПЕКТРА, Општина Лабуништа ДООЕЛ;

3. **Период опфатен со надзорот:** 5 јуни 2018 година;

4. **Датум на извршување на надзорот:** 12 јуни 2018 година;

5. **Предмет на надзорот:**

   - **Член 54 став 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (недозволено спонзорство);

   - **Правилник за спонзорство** („Службен весник на Република Македонија" бр. 40/15)

6. **Претходно изречена мерка:** Нема;

7. **Констатации од надзорот:**

Со вонредниот надзор врз телевизискиот програмски сервис на Трговското друштво за радиодифузна дејност СПЕКТРА, Општина Лабуништа ДООЕЛ, емитуван на 5 јуни 2018 година, на локално ниво, <u>констатирано е прекршување на членот 54 став 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги</u> (не е дозволено спонзорство на верски програми).

На 5 јуни 2018 година, на програмскиот сервис на Трговското друштво за радиодифузна дејност СПЕКТРА, Општина Лабуништа ДООЕЛ, емитувана е емисијата „Рамазански насихати", по жанр – верска проповед, на чија одјавна шпица се наведени спонзори, односно (цитат) - „*помагатели на проектот*", што е спротивно на членот 54 став 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, и на членот 4, став 1 алинеја 3 од Правилникот за спонзорство.

**5 јуни 2018 година**

| Наслов на емисијата | Период на емитување | |
|---|---|---|
| | Почеток | Крај |
| „Рамазански насихати" | 19:52:44 | 20:17:15 |
| **Опис:** | | |
| Емисијата „Рамазански насихати" претставува верска проповед, што како ТВ-жанр – и по Законот и по Правилникот за спонзорство - не смее да се спонзорира, а на одјавната шпица на емисијата се наведени (цитат) – *„помагатели на проектот"*. | | |

8. **Опис на прекршувањето:**

**Спротивно на членот 54 став 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги,** на програмскиот сервис на Трговското друштво за радиодифузна дејност СПЕКТРА, Општина Лабуништа ДООЕЛ, на 5 јуни 2018 година, емитувана е спонзорирана верска проповед под наслов „Рамазански насихати".

9. **Предлог мерка:**

- Директорот на Агенцијата да донесе решение со кое ќе го опомене Трговското друштво за радиодифузна дејност СПЕКТРА Општина Лабуништа ДООЕЛ, и согласно со точката 6 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка бр.01-6039/1 од 20.10.2015 година, да му наложи во рок од 30 дена од денот на приемот на решението да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги; и

- Да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот (радиодифузерот) постапил по опомената (во целост, делумно или не постапил), по истекот на рокот определен во поединечниот акт (решение), донесен од страна на директорот на Агенцијата.

***Сектор за програмски работи***